СМРТ НА ФАШИЗМОТ - СЛОБОДА НА НАРОД

СЛУЖБЕН ЛИСТ

НА ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

19018
"Trud" zemska automatska melnica Skopje
ul.87 br.31

„СЛУЖБЕН ЛИСТ" излегуе два пати неделно. — Ракописите не се враќаат. — Огласите по тарифата. — Чековна сметка Nr. 62324. — Поштарина платена во готово.

Петок, 26 јули 1946 БЕЛГРАД

БРОЈ 60 ГОД. II

Цена на овој број е 6.— дин. — Претплатата изнесуе 350.— дин. за полугодиште, или 700.— дин. за цела 1946 година. — Редакција: Бранкова бр. 20. — Телефони Редакција 28-838, Администрација 22-619

425.

УКАЗ

ЗА РАТИФИКАЦИЈА ДОГОВОРОТ ЗА ПРИЈАТЕЛСТВО И ЗАЕМНА ПОМОШТ МЕЃУ ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И НАРОДНАТА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

На основа членот 74 точка 6 Уставот Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ го прогласуе Законот за договор за пријателство и заемна помошт меѓу Федеративната Народна Република Југославија и Народната Република Албанија, заклучен во Тирана на 9 јули 1946 година, кој што е изгласан на заедничката седница на Сојузното векје и Векјето на народите на Народната скупштина ФНРЈ, а кој гласи:

ЗАКОН

ЗА ДОГОВОР ЗА ПРИЈАТЕЛСТВО И ЗАЕМНА ПОМОШТ МЕЃУ ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И НАРОДНАТА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

ЗАКЛУЧЕН ВО ТИРАНА НА 9 ЈУЛИ 1946 ГОДИНА

Член 1

Се одобруе и добива законска сила Договорот за пријателство и заемна помошт меѓу Федеративната Народна Република Југославија и Народната Република Албанија, заклучен во Тирана на 9 јули 1946 година, кога и во сила стапил, а кој што во двата оригинала гласи:

УГОВОР

о пријатељству и узајамној помоћи између Федеративне Народне Републике Југославије и Народне Републике Албаније

Народи Федеративне Народне Републике Југославије и Народне Републике Албаније имали су у својој историји исте непријатеље, који су угрожавали њихову независност и настојали да им отму било делимично или у целини њихове територије и да их подјарме. Ово се нарочито јасно показало у недавној прошлости када су фашистичка Немачка и Италија напале и окупирале обе земље са намером да их распарчају и заувек присвоје.

Верни својим борбеним традицијама народи Југославије и Албаније устали су у одбрану своје независности и слободе и у четворогодишњој упорној борби, раме уз раме, сачували су своју слободу и независност.

Желећи да још више учврсте те, у најсудбоноснијим данима за народе обеју земаља, крвљу запечаћене везе, да свечано потврде своје неразрушиво пријатељство и жељу за културном и економском сарадњом, желећи да потврде решеност да и у будуће заједнички бране своју слободу, независност и интегритет својих земаља у случају да би исте биле нападнуте од стране неке треће силе са циљем поробљавања или отимања извесних територија, уверени да је заједничка одбрана у интересу не само обеју земаља, већ и у интересу мира на Балкану, у интересу мира у свету, што је потпуно у складу са тежњама Уједињених нација које иду за обезбеђењем мира.

Президијум Народне скупштине Федеративне Народне Републике Југославије и Президијум Народне скупштине Народне Републике Албаније решили су да закључе уговор и именовали своје опуномоћенике:

Президијум Народне скупштине Федеративне Народне Републике Југославије,

Министра иностраних послова господина **Станоја Симића,**

Президијум Народне скупштине Народне Републике Албаније,

TRAKTAT

Miqësije dhe ndihme reciproke ndërmjet Republikës Federative Popullore të Jugosllavisë dhe Rëpublikës Popullore të Shqipërisë

Popujt e Republikës Federative Popullore të Jugosllavisë dhe të Republikës Popullore të Shqipërisë kanë pasur gjatë historisë së tyre të njëjtit armiq, që kërsënonin pamvarësinë e type respektive dhe që deshin t'u shkëputnin pjesërisht ose tërësisht tokat e tyre dhe t'i robëronin. Kjo u vërtetua veçanërisht në të kaluaren e afërme kur Germanija dhe Italija fashiste sulmuan dhe okupuan të dy vëndet t'ona me qëllim që t'i ndanin në mes te tyre për gjithënjë.

Besnikë në traditat e tyre luftëtare popujt e Jugosllavisë dhe të Shqipërisë u ngrtën për të mbrojtur pamvarësinë dhe lirine e tyre dhe në luftën e asper katër vjeçare krah për krah kanë ruajtur këtë pamvarësi dhe këtë liri.

Duke mashur të forcojnë më tepër këto lidhje të mbrajtura me gjak në ditët më vendimtare për popujt e këtyre dy vëndeve, duke dashur të konfirmojnë solemnisht miqësinë e tyre të pa thyëshme dhe dëshirat e tyre për një bashkëpunim kultural dhe ekonomik, duke dashur të konfirmojnë venosmëninë e tyre per të mbrojtur së bashku edhe në të ardhmen lirinë, pamvarësinë dhe integritetin tokësor të vëndeve të tyre, në rast se do te atakohen prej një fuqije të tretë me qëllim që t'i rrobërojne ose t'u shkëputin një pjesë të tokave të tyre,

duke qenë të bindur që një mbrojtje e përbashkët është në interesin jo vetëm të vendeve të tyre por edhe në interesin e paqes ne Ballkan dhe në botë, gjë që pajtohet me përpjekjet e Kombeve të Bashkuara,

Presidiumi i Asamblesë Kombëtare të Republikës Popullore Federative të Jugosllavisë dhe Presidiumi i Kuvendit Popullor të Republikës Popullore të Shqipërisë vendosën të lidhin një traktat dhe emëruan për këtë qëllim të plotefuqishmit e tyre:

Presidiumi i Asamblesë Kombëtare te Republikës Federative Popullore te Jugosllavisë,

Ministrin e Punëve te Jahstëme Zotin STANOJE SIMIĆ,

Presidiumi i Kuvendit Popullorë të Republikës Popullore të Shqipërisë,

Претседника Владе, Министра народне одбране и Министра иностраних послова, генерал-пуковника господина Енвер Хоџу,

који су се, пошто су изменили своја пуномоћја, нађена у исправном стању, сагласили у следећем:

Члан 1

Обе Високе Стране Уговорнице споразумеле су се, да ће у интересу народа обеју земаља своје постојеће пријатељске односе још више учвршћивати даљном, свестраном, тесном сарадњом обеју земаља.

Члан 2

Високе Стране Уговорнице заједнички ће предузети све мере које су потребне за осигурање независности и интегритета обеју земаља да би се у будуће спречило свако понављање сличних напада као што је то био случај са стране Хитлерове Немачке и Мусолинијеве фашистичке Италије.

У том циљу обе Високе Стране Уговорнице најтешње ће сарађивати у свима међународним акцијама за очување мира и безбедности међу народима. Извршавајући обавезе које произлазе из овог Уговора Високе Стране Уговорнице руководиће се постојећим начелима Организације Уједињених Нација.

Члан 3

Ако би једна од Високих Страна Уговорница била нападнута било од кога са циљем угрожавања независности, поробљавања или одузимања извесних делова територија, друга Висока Страна Уговорница без одлагања пружиће јој војничку и сваку другу помоћ свим расположивим средствима.

Члан 4

Високе Стране Уговорнице обавезују се да ни једна од њих неће ступити у савез нити узети учешћа у коалицији, који би били уперени против друге Високе Стране Уговорнице.

Члан 5

Високе Стране Уговорнице решаваће саме на бази најискренијег пријатељства сва међусобна питања.

Економске, културне и друге везе између обеју земаља остваривање се посебним споразумима.

Kryetarin e Qeverisë, Ministrin e Mbrojtjes Kombëtare dhe Ministrin e Punëve të Jashtme Gjeneral-Kolonel ENVER HOXHEN,

të cilët mbassi këmbyen dokumentat e fuqive të tyre të plota dhe i gjetën në formë të mirë dhe te duhur, vendosën mbi sa vijon:

Art. I

Të dy Palët e Nalta Kontraktuese ranë dakord te forcojnë edhe më tepër, në interes të popujve të dy vendeve, marrëdhënjet maqësore që egzistojnë me një bashkëpunim të vazdueshem, të ngustë dhe të gjithëanëshëm ndërmjet të dy vëndeve.

Art. II

Të dy Palët e Nalta Kontraktuese do të marrin së bashku të gjitha masat që do të jenë të nevojshme për të siguruar pamvarësinë dhe integritetin e të dy vëndeve tyre, për të ndaluar në të ardhmen ç'do përsëritje agresioni të njëllojtë më ate të Gjermanisë Hitleriane dhe të Italisë fashiste të Musolinit.

Për këte qëllim të dy Palët e Nalta Kontraktuese do të bashkëpunojnë sa më ngushtë në të gjithë aksionet ndërkombëtare për mbrojtjen e paqes dhe të sigurimit ndërmjet popujve. Duke egzekutuar detyrat që rrjedhin nga ky Traktat te dy Palët e Nalta Kontraktuese do të udhëhiqen prej parimeve të deritashme të Organizatës së Kombeve të Bashkuara

Art. III

Në qoftë se njëra nga të dy Palët e Nalta Kontraktuese atakohet prej kujtdo tjetër fuqije me qellim që të çënojë pamvarësinë e saj, ta rrobërojë ose t'i shkëputë ndonjë pjesë të tokave të saj, Pala tjetër e Naltë Kontraktuese do t'i japi me një herë ndihmën ushtarake si dhe ç'do ndihmë tjetër si mbas mjeteve që disponon.

Art. IV

Të dy Palët e Nalta Kontraktuese detyrohen të mos hynë as njëra prej tyre në ndonjë aliancë, as të bëjnë pjesë në ndonjë koalicion që drejtohen kundër Palës tjetër të Naltë Kontraktuese.

Art. V

Të dy Palët e Nalta Kontraktuese do të zgjidhin vetë në bazë të miqësisë më të sinqertë të gjitha çeshtjet e perbashkëta. Lidhje ekonompike, kulurale etj. ndërmjet të dy vendeve do të realizohen me marrëveshtje të veçanta.

Члан 6

Овај Уговор ступа на снагу одмах по потписивању и подлеже ратификацији у најкраће време.

Ратификациони инструменти измениће се у Београду.

Овај Уговор остаје у важности двадесет година од дана потписивања. Ако пак ниједна од Високих Страна Уговорница не саопшти дванаест месеци пре истека двадесетогодишњег рока да жели да важност овог Уговора престане, продужује се његова важност сваког пута за пет даљњих година дотле док једна од Високих Страна Уговорница дванаест месеци пре истека текућег петогодишњег периода не јави своју намеру обеснажити га.

У потврду чега су опуномоћеници потписали овај Уговор и на њега ставили своје печате.

Уговор је сачињен у два примерка на српско-хрватском и албанском језику и оба текста имају подједнаку важност.

Рађено у Тирани 9 јула хиљаду девет стотина четрдесет и шесте године.

По овлашћењу Президијума Народне скупштине Федеративне Народне Републике Југославије

Станоје Симић, с. р.

По овлашћењу Президијума Народне скупштине Народне Републике Албаније

Енвер Хоџа, с. р.

Art. VI

Ky Traktat hyn në fuqi me t'u nënëshkruar dhe do të ratifikohet në afatin më të shkurtër.

Instrumentat e ratifikimit do të këmbehen në Beograd.

Ky Traktat është i vlefshëm për njëzet vjet nga data e nënëshkrimit të tij. Në qoftë se asnjëra nga Palët e Nalta Kontraktuese nuk lajmëron dymbdhjetë muaj përpara mbarimit të afatit se dëshiron të denoncojë këtë Traktat, vlefmënija e tij zgjatet për ç'do herë pesë vjet të tjera, për deri sa njëra nga Palet e Nalta Kontraktuese nuk lajmëron qëllimin e saj për të denoncuar këte Traktat dymbëdhjet muaj përpara skadimit të peridës pesëvjeçare në vijim.

Duke e konfirmuar të Plotëfuqishmit nënëskuan këtë Traktat dhe vunë vulat e tyre.

Traktati u redaktua në dy kopje njëra në gjuhën serbo-kroate dhe tjetra ne gjuhën shqipe dhe të dy tekstet kanë vlerë të njëllojtë.

Bërë në Tiranë më 9. Korrik një mijë e nënd qind e dyzet e gjashtë.

Me autorizimin e Presidiumit të Asambles Kombëtare të Republikës Federative Popullore te Jugoslavisë

Stanoje Simić, d. v.

Me autorizimin e Presidiumit të Kuvendit Popullore të Republikës Popullore të Shqipërisë

Enver Hoxha, d. v.

Член 2

Овој закон влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија".

У. бр. 371
20 јули 1946 година
Белград

Президиум на Народната скупштина на Федеративната Народна Република Југославија

Секретар,
Миле Перуничич, с. р.

Претседател,
др. **Иван Рибар**, с. р.

426.

УКАЗ

На основа членот 74 точка 6 Уставот Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ го прогласуе Законот за јавното обвинителство, кој што го донеле Сојузното векје и Векјето на народите на Народната скупштина ФНРЈ а кој гласи:

ЗАКОН

ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

Член 1

Јавното обвинителство е орган на Народната скупштина ФНРЈ кое, со цел да го заштити државниот и друштвено-економскиот строј на Федеративната Народна Република Југославија и да ја зацврсти законитоста, има задаток:

1) да врши надзор за правилно исполнуење законите од страна на сите министерства, комисии и комитети на Сојузната влада и владите на народните републики и на нив потчинети управни органи и установи, како и од страна на службените лица и граѓаните:

2) да превзема во законот предвидени работи кај судовите и управните органи за заштита на општонародниот имот и исполнуење државните стопански планови, како и за заштита на правата и на закон основаните интереси на државата, државните установи и претпријатија, друштвените организации и граѓаните,

3) да врши гонење на кривичните дела.

Член 2

На чело на Јавното обвинителство се навогја и раководи се неговата работа Јавниот обвинител на ФНРЈ.

Јавниот обвинител на ФНРЈ може да има два заменика.

Јавниот обвинител на ФНРЈ и неговите заменици ги избира и разрешава Народната скупштина ФНРЈ на заедничката седница на обата дома.

Член 3

Јавниот обвинител на ФНРЈ и неговите заменици пред влегувањето во должност полагаат пред Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ клетва која гласи:

„Јас (родено и фамилијарно име) се заколнуам со честа на својот народ и со мојата чест оти верно ке служам на народот, оти ке се придржуам на Уставот и законите, оти ке го чувам и бранам Уставниот демократски поредок на Федеративната Народна Република Југославија, оти ке ја зацврснуам законитоста и оти својата должност ке ја вршам совесно".

Член 4

Органи на Јавното обвинителство во народните републики се јавните обвинители на народните републики, автономните покраини, автономните области, областите, окрузите, градовите и околиите (градските реони).

Јавните обвинители на народните републики ги именуе и разрешава Јавниот обвинител на ФНРЈ.

Јавниот обвинител на народната република може да има заменик, кого го именуе и разрешава Јавниот обвинител на ФНРЈ.

Јавните обвинители на автономните покраини, автономните области, областите, окрузите, градовите и околиите (градските реони) ги именуе и разрешава јавниот обвинител на републиката со потврда на Јавниот обвинител на ФНРЈ.

Член 5

Јавниот обвинител на ФНРЈ е одговорен за својата работа на Народната скупштина ФНРЈ односно на Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ.

Органите на Јавното обвинителство се независни во својата работа од другите органи на државната власт и од сите органи на државната управа и подредени се само на Јавниот обвинител на ФНРЈ.

Член 6

Повисоките јавни обвинители имаат право да издаваат на подредените им јавни обвинители напатствија и наредби за правилно вршење службата. Напатствијата и наредбите, како и решењата на повисоките јавни обвинители во поедини предмети се обвезни за подредените јавни обвинители.

Член 7

Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ има право да ги поништи, укине и запре од извршување актите на Јавниот обвинител на ФНРЈ, кои што не се во согласност со законот.

Повисоките јавни обвинители имаат право да ги поништат, укинат, изменат или запрат од извршување незаконитите и неправилните акти на подредените им јавни обвинители.

Член 8

За осигурување на правилното и единственото применување на законите на целата територија на Федеративната Народна Република Југославија, Јавниот обвинител на ФНРЈ има право да поднесуе предлози на Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ за донесување обвезни толкувања на сојузните закони. Исто така јавниот обвинител на народната република има право да поднесуе предлози на Президиумот на народната скупштина на републиката за донесување обвезни толкувања на законите на републиката.

Во иста цел Јавниот обвинител на ФНРЈ има право да поднесуе на Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ предлози за оцена согласноста на законите на републиката со Уставот и законите на ФНРЈ, а надлежните на повисоките органи на државната власт им поднесуат предлог за оцена согласноста на правните прописи донесени од органите на државната власт на административно-територијалните единици, автономните области и автономните покраини со законите и другите правни прописи на повисоките органи на државната власт.

Член 9

Остваруејќи го правото на надзор во поглед на законитоста и правилноста на работата на подрачјето на државната управа јавниот обвинител има право:

1) да поднесуе барање (тужба, предлог, приговор) за покренување управната постапка по сопствена иницијатива или по молба на странките; да се замеша во управната постапка, врши законски интервенции и вложуе жалби за правилно решење на предметот;

2) да открива и сузбива дела на саботажа, недопуштена шпекулација, штеточинства, повреда на службената должност, груба немарност во работењето и слично, со кои се нанесуе штета на народното стопанство, општонародниот имот, се смекјава исполнувањето на државниот стопански план, стопанската обнова и изградбата на земјата;

3) да ги превзема сите законски средства за полно извршување на законите во работните односи, социјалното осигурување, дејноста на друштвените организации и на другите подрачја на друштвениот живот;

4) да учествуе на седниците на извршните одбори на народните одбори со право на советодавен глас.

Ако во вршењето ова право на надзор ке се открие кривично дело, јавниот обвинител ке покрене кривична постапка.

Член 10

Јавниот обвинител има право да во граѓанските предмети поднесуе тужби и предлози и да учествуе во судската постапка:

1) кога во предметот постои материален интерес од поголемо значење за државата, државните или другите друштвени организации;

2) кога во постапката учествуе странка, која се наоѓа под особена заштита на законот, или на која и е потребна особена заштита од страна на државата;

3) кога во предметот се појавуат околностите заради кои може да дојде до покренување на кривична постапка против некоја од странките;

4) кога предметот е од начелна важност од гледиштето на правилна примена на законот;

5) кога законот посебно пропишуе учествување на јавниот обвинител.

Ако јавниот обвинител во овие случаи сам не ја покренал постапката, судот е должен за покренатата постапка да го извести со достава преписот на тужбата односно предлогот

Член 11

Во вршење на кривичното гонење јавниот обвинител е должен да води истрагата (увид и истрага) непосредно или преку овластени органи, да подигнуе и застапуе обвинителен акт пред сите судови по сите кривични дела кои што се гонат по службена должност. Јавниот обвинител има право да учествуе и во кривичната постапка по делата кои што се гонат по тужба на оштетениот ако најде оти тоа е потребно за заштита на јавниот интерес или лицето кому е потребна особена заштита од страна на државата

Јавниот обвинител има право да става предлог за покренување дисциплинска постапка против државните службеници и други лица на работа во служба на државата и за покренување други дисциплински постапки, како и да учествуе во тие постапки

Јавниот обвинител има право да покренуе постапка заради истап (нарушување) и во таа постапка да учествуе.

Член 12

Во вршење на истрагата јавниот обвинител и неговите истражни органи се обвезни да ја изведат

на чисто фактичната состојба и да ги иследат како фактите кои одат на штета на обвинетиот така и фактите кои одат во негова корист, како и другите околностојателства кои го расветлуат степенот на дрштвената опасност на кривичното дело и извршителот.

Член 13

За осигурување на правилното водење на постапката и донесување законита одлука јавниот обвинител има право на законска интервенција во текот на судската и управната постапка.

Правото на законска интервенција се состои во овластувањето на јавниот обвинител да ги превзема сите процесни работи кои што по законот им припаѓаат во постапката на странките и на јавниот обвинител.

Член 14

Против правосилните одлуки на судовите и управните органи со кои е повреден законот, јавниот обвинител има право да подигне барање за заштита на законитоста.

Ова право го имаат Јавниот обвинител на ФНРЈ и јавните обвинители на народните републики и автономните покраини.

Член 15

Јавниот обвинител на ФНРЈ има право да подигне барање за заштита на законитоста против одлуките на:

1) Врховниот суд на ФНРЈ;

2) врховните судови на народните републики и автономните покраини во поглед на примена сојузните закони;

3) министерствата, комисиите и комитетите на Сојузната влада како и на министерствата и комисиите на владата на републиката во работите од сојузната надлежност.

Член 16

Јавните обвинители на народните републики и автономните покраини имаат право да подигаат барање за заштита на законитоста против правосилните одлуки на окружните и околиските судови во поглед примената на сојузните закони и законите на републиката како и против одлуките на врховните судови на народните републики и автономните покраини во поглед примената на законите на републиката.

Јавниот обвинител на народната република има право да подигне барање за заштита на законитоста против решењата на управните органи на републиката пониски од министерствата и комитетите на владата на републиката, како и против решењата на министерствата и комисиите на владата на републиката во работите од надлежноста на републиката. Барање на заштита на законитоста се поднесуе на членовите на владата на републиката, односно на владата на републиката.

Јавниот обвинител на автономната покраина има право да подигне барање за заштита на законитоста против решењата на управните органи на автономната покраина пониски од главниот извршни одбор, а против решењата на повереникот на главниот извршни одбор само во работите од надлежноста на автономната покраина. Барање за заштита на законитоста се поднесуе на главниот извршни одбор на автономната покраина

Член 17

Барање за заштита на законитоста во граѓанските правни ствари кај судовите и управните органи може да се подигне во срок од 6 месеци, а во другите ствари во срок од година дена, сметајќи од правосилната одлука. Јавниот обвинител на ФНРЈ има право да подигне барање за заштита на законитоста и преку овие срокови во случаи на повреда законот од поголемо значење.

Одлуката со која се усвојуе барањето за заштита на законитоста има правно дејство на предметот по кој што е барањето подигнато.

Член 18

На барање на јавниот обвинител, органот против чија одлука е подигнато барање за заштита на законитоста ке го запре извршуењето на нападната одлука до конечното решење на ова барање.

Член 19

Јавните обвинители поднесуат тужби (барање, предлози), вложуат жалби и вршат законски интервенции кај судските и управните органи во рамката на својата надлежност. Ако јавниот обвинител не е надлежен за вршење овие работи; должен е за предметот да го извести повисокиот јавен обвинител.

Член 20

Повисокиот јавен обвинител има право непосредно да ги употреби сите права и правни средства кои што припаѓаат на подреденот му јавен обвинител.

Член 21

Постарите помошници, помошниците, иследниците, референтите и другите службеници кај Јавниот обвинител на ФНРЈ ги постава, разрешава и донесуе други решења за нивните службенички односи Јавниот обвинител на ФНРЈ, а помошниците, референтите, иследниците и другите службеници кај останатите јавни обвинители ги постава, разрешава и донесуе други решења за нивните службенички односи јавниот обвинител на народната република. Во поглед на помошниците, референтите и иследниците е потребна потврда на Јавниот обвинител на ФНРЈ

Член 22

За участие на народот во остварувањето на задаците на јавното обвинителство, на јавните обвинители им помагаат народните обвинители како доброволни соработници. Народните обвинители ги избираат граѓаните на своите собори во стопанските претпријатија, надлештвата, установите, улиците и населбите на поголемите градови, селата и местата.

Член 23

На барање на јавниот обвинител државните органи, како и установите, претпријатијата, друштвените организации и граѓаните се должни да му даваат на јавниот обвинител потребни обавестуења и податоци, а државните органи, установите и претпријатијата да му ги доставуат и своите списи на увид

Член 24

Јавниот обвинител на ФНРЈ се овластуе да со свој правилник пропишуе внатрешна организација и работење на Јавното обвинителство и да донесуе наредби за работата на народните обвинители.

Член 25

Со денот на влегуењето во сила на овој закон престануе да важи Одлуката за установуењето и надлежноста на Јавниот обвинител на Демократска Федеративна Југославија од 3 февруари 1945 година бр. 133.

Член 26

Овој закон влегуе во сила осмиот ден по објавуењето во „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија".

У. бр. 370
22 јули 1946 година
Белград

Президиум на Народната скупштина на Федеративната Народна Република Југославија

Секретар, **Миле Перуничич**, с. р.

Претседател, **др. Иван Рибар**, с. р.

427.

У К А З

На основа членот 74 точка 6 Уставот Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ го прогласуе Законот за служба во Југословенската армија, кој што го донеле Сојузното веќе и Векјето на народите на Народната скупштина ФНРЈ, а кој гласи:

З А К О Н

ЗА СЛУЖБА ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА АРМИЈА

Општи одредби

ГЛАВА I

УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Југословенската армија, создадена од народите на Југославија во народно-ослободителната борба и израсната од партизанските одреди и Народноослободителната војска е чувар на неповредивоста на државните граници, државната независност, слободата на народите и активен носител на братството и единството на нашите народи.

Член 2

Југословенската армија ја обвакја сувоземната војска, Југословенската војна морнарица и Југословенското војно воздухопловство.

Таа се дели на родови и служби.

Член 3

Со Југословенската армија командуе Врховниот командант на оружените сили на Федеративната Народна Република Југославија.

Врховниот командант на оружените сили на ФНРЈ пропишуе поблиска организација и формација на Југословенската армија.

Член 4

Воени лица на служба во Југословенската армија се:

а) војници,
подофицери,
офицери,
генерали и адмирали;
б) воени чиновници.

ГЛАВА II

ДОЛЖНОСТИ И ПРАВА НА ВОЕНИТЕ ЛИЦА

Член 5

Одбрана на Татковината е највисока должност на сите воени лица.

Предателство на Татковината, прекршуење војничката клетва, предуење на страна на непријателот, слабење воената моќ на државата и шпијунажа претставуат најтешки злочини и се казнуат по закон.

Член 6

Жените на служба во Југословенската армија се рамноправни со мажите во поглед на правата и должностите

Член 7

Сите воени лица при влегуењето на должност полагат војничка клетва, која што гласи:

„Јас, (родено и фамилијарно име) влегуејќи во редовите на Југословенската армија, се заколнуам со својата чест и со животот оти ќе бидам храбер, пожртвуен и дисциплинуен, оти безусловно ќе ги извршуам наредбите на претпоставените ми старешини, оти строго ќе ги чувам воените и државните тајни, оти грижливо ќе ја учам воената вештина и оти на секое место ќе ја чувам честа и славата на Југословенската армија.

Се заколнуам оти будно ќе ги чувам придобивките на народноослободителната борба — народната власт и братството и единството на нашите народи, оти верно ќе ги извршуам поставените ми задаци во цел на уцврстуење и развивање овие придобивки и оти до последниот здих ќе му бидам одан на народот и на својата Татковина на Федеративната Народна Република Југославија.

Се заколнуам, оти на позив на својот Врховен командант, секој час спремно ќе станам на браник на својата Татковина Федеративната Народна Република Југославија и оти како борец на Југословенската армија ќе ја бранам чесно и одважно, не жалејќи го ни својот живот за победата над непријателот.

За прекршуење на оваа своја свечано дадена клетва нека ме стаса немилосрдна казна на војничкиот закон, сеопшта омраза и презир на нашите народи и проклетство на Татковината".

Член 8

Воените лица се должни со својата работа и со држењето да го чуваат угледот и честа на Југословенската армија, како во службата така и вон од неа.

Член 9

Воените лица се обвезни службата во Југословенската армија да ја вршат точно според одредбите на законите, уредбите, наредбите и другите воени прописи.

Сите воени лица се должни со најцврста дисциплина да ги извршуат наредбите на претпоставените старешини и на претпоставените и постарите да им укажуат должно поштуење во смисла на војничкиот ред и воените прописи.

Претпоставените се должни да се грижат за своите потчинети, од нив да бараат безусловно извршуење на сите наредби во духот на воените прописи и во вршењето на должностите да се однесуат спрема нив со потребна војничка строгост и со праведност.

Член 10

Воените лица се дисциплински, кривично и материално одговорни за правилно и законито вршење на службата.

Кривичната одговорност не ја исклучуе дисциплинската.

Воените лица се одговорни за сета штета што ќе ја направат на државата со незаконито и неправилно вршење службата

За штетата која воените лица ќе ја направат макар на кој друг со незаконито и неправилно вршење на службата одговара државата. Државата има право на накнада спрема учинителот на штетата.

Член 11

Воените лица се должни да се запознаат со военото знаење и воената техника, да овладаат со нив и непрекидно да се усовршуат во вршењето на војничката должност.

Тие мораат грижливо да го чуваат своето наоружање и поверениот им државен имот.

Член 12

Воените лица носат пропишана воена униформа и воени ознаки.

Невоените и неовластените лица не смеат да ја носат пропишаната воена униформа нити воените ознаки.

Член 13

Сите воени лица се обвезни строго да ја чуваат воената тајна.

Член 14

Воените лица не можат да примаат одликуења од иностранни држави без одобруење од Врховниот командант на оружените сили на ФНРЈ.

Член 15

Воените лица можат да бидат лишени од слобода само од страна на воените органи.

Со исклучение, кога ке извршат потешко кривично дело, а постои опасност за бегање, воените лица можат да бидат лишени од слобода и од страна на други државни органи. Во овој случај мораат одма да се предадат на најблиската военa единица.

Член 16

Воените лица можат да бидат отстранети од должноста во случај на кривична односно дисциплинска истрага или ако нивното понатамошно остануење на должноста би било штетно по интересите на службата.

Член 17

Лицата на служба во Југословенската армија имаат право на парични принадлежности.

Основните парични принадлежности на воените лица се одредуат според положбите кои што тие лица ги завземаат

Член 18

Активните подофицери, офицери, генерали и адмирали и военни чиновници имаат право на пензија под услови кои што ке се пропишат со уредба на Владата ФНРЈ.

Член 19

Воените лица додека се на служба во Југословенската армија имаат право на бесплатно лекуење.

Член 20

Воените лица кои што најмалку година дена биле во Југословенската армија имаат право на платен годишен одмор од 15 до 30 дена

Министерот на народната одбрана е овластен да го регулира времето и начинот за користење годишниот одмор како и да го запре во случај кога тоа го бараат потребите на службата

Поединечни отсаства што се даваат на военни лица, доколку за цела година не се поголеми од 7 дена, нема да се сметаат во годишен одмор.

Член 21

Воените лица се оценуат најмалку еднаш годишно.

Член 22

Воените лица кои што го отслужиле срокот во сталниот кадар и кои ке бидат преведени во резерва, можат да се повикуат на военни вежби:

а) до 8 недели годишно додека подлежуат на обвеза на служба во оперативниот дел на оружените сили;

б) до 4 недели годишно додека подлежуат на обвеза за служење во резервниот дел на оружените сили.

Посебни одредби

ГЛАВА III

ВОЈНИЦИ

Член 23

Војниците служат пропишан кадровски срок во оние видови, родови односно служби на војската во која ке ги распоредат военo-територијалните органи при регрутацијата.

Член 24

Преместуење на војник од еден вид на војската во друг или од еден род односно служба во друга, доколку тоа повлечуе измена на кадровскиот срок, може да се врши едино со одобруење на Министерството на народната одбрана.

Член 25

Војниците кои што ке бидат најмалку година дена во Југословенската армија можат да се произведат во чин на десетар.

Член 26

Војниците кои што ке бидат најмалку два месеца во Југословенската армија можат да се земаат во подофицерски школа и курсеви.

Член 27

Војниците кои што со успех завршат подофицерски школа и курсеви се произведуат во прв подофицерски чин.

Во чин на резервен подофицер можат по отслужуење на срокот да се произведат и војници кои што не завршиле подофицерски школа и курсеви, ако за време на службата во Југословенската армија биле на подофицерски должности и ако со успех ја поминале скратената наставна програма за подофицери.

Член 28

За време воената служба војниците имаат парични принадлежности, бесплатна храна, алишта, обувки и друга пропишана лична военa спрема.

Член 29

Војниците кои што ги исполнуат одредените услови можат да постанат резервни офицери; во тој случај тие служат во сталниот кадар најмногу две години.

Член 30

По отслужуењето сталниот кадар војниците се преведуат во резерва и отпуштаат од сталниот кадар, доколку не се во смисла членот 26 Законот за воената обвеза на државјаните на Федеративната Народна Република Југославија задржани на военa вежба.

ГЛАВА IV

ПОДОФИЦЕРИ

Член 31

Подофицерите според должноста која ја вршат во Југословенската армија се делат на командни и военo-управни подофицери.

Член 32

Унапредуењето на подофицерите во повисок чин се врши според должноста која што ја вршат, годините на службата и оцената од страна на претпоставените.

Член 33

За подофицерите кои што се на отслужуење на срокот важат одредбите на членовите 23, 26, 27 и 31 на овој закон.

Член 34

Подофицерите кои што го отслужиле својот кадровски срок можат по потреба, доколку за тоа ке изјават жела и ако имаат препоручлива оцена од претпоставените старешини, да се задржат по отслужуењето на срокот на служба во Југословенската армија како активни подофицери.

Член 35

Активните подофицери можат да постанат офицери под следните услови:

а) да биле на служба во Југословенската армија најмалку 6 години, а од тоа најмалку две години во најстариот подофицерски чин;
б) да имаат препоручлива службена оцена;
в) да го положат пропишаниот испит.

ГЛАВА V

ОФИЦЕРИ, ГЕНЕРАЛИ И АДМИРАЛИ КОМАНДНИ И ВОЕНО-УПРАВНИ КАДАР

Член 36

Офицерскиот, генералскиот и адмиралскиот кадар се дели на командни и военo-управни.

Член 37

На командниот кадар му припаѓаат офицерите, генералите и адмиралите кои што командуат на воените единици или се наоѓаат во единиците и установите на Југословенската армија на положби (должности) за чие вршење е потребен соодветен командни стаж и военo образување.

Во состав на командниот кадар влегуе и военo-политичкиот кадар на Југословенската армија.

Член 38

На военo-управниот кадар на Југословенската армија му припаѓаат офицерите, генералите и адмиралите кои што се наоѓаат на должностите за кои што е потребна специална стручна спрема.

Член 39

Командниот и военo-управниот кадар на Југословенската армија се пополнуе:
а) со военi лица кои што свршиле военi училишта;
б) со подофицери кои што ке положат испит за офицери;
в) со резервни офицери кои што ке се преведат во активна служба.

Доделуење военi звања, произведуење, унапредуење и поставање

Член 40

Највисоко военo звање во Југословенската армија е Маршал на Југославија.

Член 41

Произведуење и унапредуење во чин на генерал и адмирал врши со указ Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ, по предлог на Врховниот командант на оружените сили на ФНРЈ.

Член 42

Произведуење и унапредуењето во офицерски чинови го врши со наредба Врховниот командант на оружените сили на ФНРЈ.

Член 43

Офицерите, генералите и адмиралите се произведуат и унапредуат според нивната военa и специална спрема, според должности која ја вршат и службената оцена, по истекот на одреденият срок поминат во понискиот чин.

Член 44

Во случај на изванредни успеси во работата или за особени заслуги, Врховниот командант може да унапреди офицери во нареден чин пред истекот на одреденият срок.

Член 45

На офицерите кои што се наоѓаат на школуење или на курсеви за усовршуење, времето на учењето се смета во срок предвиден за унапредуење.

Член 46

Резервните офицери се унапредуат со наредба на Врховниот командант.

Унапредуењето се врши според военото и општото образуење, воениот стаж и службената оцена добиена по завршетокот на воените вежби.

Член 47

Офицерите, генералите и адмиралите можат да бидат лишени од чин само со пресуда на надлежниот военсуд.

Член 48

Врховниот командант може по казна да им го снизи на офицерите чинот за еден степен.

Член 49

Офицерите, генералите и адмиралите се поставуат на должност со наредба на Врховниот командант на оружените сили на ФНРЈ.

Член 50

Врховниот командант може да го пренесе правото на поставање офицери на должност до положба за командант на бригада заклучно на начелникот на Персоналната односно Политичката управа на Југословенската армија и на штабовите на армиите, на нив рамни или на повисоки штабови и команди.

Член 51

Офицерите, генералите и адмиралите можат да се поставуат од повисока на пониска положба:
а) при намалуењето на формациските положби;
б) кога ке се покажат неспособни за вршење својата должност.

Преведуење во резерва, пензионисање, симнуење од евиденција офицери, генерали и адмирали

Член 52

Офицерите, генералите и адмиралите можат да бидат од активна служба со наредба на Врховниот командант:
1) преведени во резерва;
2) пензионисани и преведени во резерва;
3) пензионисани;
4) симнати од евиденција на офицери.

Член 53

Офицерите, генералите и адмиралите се преведуат во резерва доколку немаат услови за пензија:
а) заради здравствена состојба;
б) по потреба на служба;
в) исклучиво по лична жела.

Овие офицери, генерали и адмирали имаат право на отпремнина.

Член 54

Офицерите, генералите и адмиралите се пензионисуат и преведуат во резерва, доколку се уште способни за служба во резерва, а имаат услови за пензија:
а) заради здравствена состојба;
б) по потреба на служба.

Член 55

Офицерите, генералите и адмиралите се пензионисуат доколку ги исполнуат условите за пензија, а не ги исполнуат условите за преведуење во резерва:
а) заради здравствена состојба;
б) по потреба на служба;
в) ако во активна служба биле до 60 години старост.

Член 56

Официрите, генералите и адмиралите се симнуат од евиденција на командниот и воено-управниот кадар по лишувањето на чинот. Симнатите од евиденција немаат право на пензија ни на отпремнина.

Член 57

Официрите, генералите и адмиралите преведени во резерва во смисла членот 53 и 54 на овој закон можат со наредба на Врховниот командант, врз основа на најдувањето од военолекарската комисија, дополнително да бидат вратени во активна служба.

Член 58

Пензионисаните офицери, генерали и адмирали го задржуат својот чин со додатокот „во пензија".

РЕЗЕРВНИ ОФИЦЕРИ, ГЕНЕРАЛИ И АДМИРАЛИ

Член 59

На резервниот командни и воено-управни кадар на Југословенската армија припаѓаат:

а) офицери, генерали и адмирали кои што од активна служба ке се преведат во резерва;

б) воени обвезници кои што се произведени во чин на резервен офицер.

ГЛАВА VI

ВОЕНИ ЧИНОВНИЦИ

Член 60

По потреба можат на поедини формациски положби предвидени за воено-управни офицерски и подофицерски кадар да се поставуат лица во својство на воени чиновници.

ГЛАВА VII

ГРАЃАНСКИ ЛИЦА НА СЛУЖБА ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА АРМИЈА

Член 61

За поедини работи на служба во Југословенската армија можат да се земаат и граѓански лица.

Член 62

Службеничките односи на граѓанските лица на служба во Југословенската армија се регулираат според прописите кои што важат за државните службеници од граѓанскиот ред, односно за намештениците и работниците.

Член 63

Граѓанските лица на служба во Југословенската армија се обвезни да ја чуваат воената тајна како и воените лица.

Други одредби

ГЛАВА VIII

Член 64

Одредбите на овој закон ке се применуат и на војниците, подофицерите, офицерите и генералите на Управата на државната безбедност, доколку со посебни одредби не е инаку предвидено.

Поставањето на должност офицерите на Управата на државната безбедност го врши Министерот на внатрешните работи ФНРЈ.

Начинот на произведување, унапредување и поставање на подофицерите и воените чиновници на Управата на државната безбедност ке ја пропишуе Министерот на внатрешните работи ФНРЈ.

Член 65

Во случај на смрт на активен подофицер, офицер, генерал, адмирал и воен чиновник му се исплатуе на лицето кое што извршило закопување погребнина според посебните прописи, доколку не е законан за државен трошок.

Преодни и завршни одредби

ГЛАВА IX

Член 66

Се признаваат сите подофицерски, офицерски, генералски и адмиралски чинови добиени за време народно-ослободителната војна во Народно-ослободителната војска и партиванските одреди на Југославија и во Југословенската армија.

Се признава во секој поглед времето поминато во партизанските одреди, Народно-ослободителната војска и Југословенската армија до донесувањето на овој закон.

Член 67

Одредбите на овој закон важат и за подофицерите, офицерите и генералите од бившата Југословенска војска кои што се превземаат во активна или резервна служба на Југословенската армија.

Времето кое го поминале во пленство се признава како во поглед на стекнување повисок чин така и во поглед на додатокот на годините на служба во Југословенската армија.

Оние кои што не ке се превземат не се сметаат за подофицери, офицери и генерали на Југословенската армија.

Член 68

Се признава чинот на подофицерите, офицерите и генералите кои што го стекнале во сојузничките воени формации или во борбените формации на народно-ослободителното движење во текот на антифашистката војна, а времето поминато во тие формации им се признава во години на службата.

Член 69

Се овластуе Врховниот командант на оружените сили на ФНРЈ да ги донесе сите прописи кои што се однесуат на организација, формација, бојна готовост и употреба на оружените сили на ФНРЈ.

Член 70

Со уредба на Владата ФНРЈ ке се пропишат:

1) одредби за чиновите на подофицери, офицери, генерали и адмирали;

2) одредби за произведување, унапредување, поставање и престанок на службата на подофицери и поблиски одредби за произведување и унапредување офицери, генерали и адмирали;

3) одредби за условите и начинот на произведување и унапредување резервните подофицери и офицери;

4) одредби за паричните принадлежности на лицата на служба во Југословенската армија;

5) одредби за служба на воените чиновници;

6) други одредби во врска со спроведувањето во живот на овој закон.

Член 71

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануат да важат сите одредби кои што се во противност со него.

Член 72

Овој закон влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија".

У. Бр. 366
20 јули 1946 година
Белград

Президиум на Народната скупштина на Федеративната Народна Република Југославија

Секретар, **Миле Перуничич**, с. р. Претседател, др **Иван Рибар** с. р.

428.

На основа чл. 32 во врска чл. 6 став 2) Законот за уредуење и работење на кредитниот систем, издавам

НАРЕДБА

ЗА ОБВЕЗНИ ПЛАКЈАЊА БЕЗ УПОТРЕБУЕЊЕ ГОТОВИНА

1) Одредбата на точката 5 Напатствието VII бр. 5088 од 11 август 1945 година врз основа на кое сите министерства, окружни и градски народни одбори, државни претпријатија и установи и претпријатија и установи на народните одбори се должни да вршат исплата на сметките на износ преку 5.000.— динари на поверителот исклучително со вирман во корист на неговата сметка кај некој државен паричен завод, се прошируе и на секвестрираните претпријатија, претпријатијата под присилна управа, кооперативните и приватните стопански претпријатија

Од обвезното плаќање со вирман се изземаат случаите предвидени со чл. 14 Финансискиот закон на ФНРЈ за буџетската 1946 година како и оние плаќања кои што им се вршат на лица кои што не мораат да имаат отворени текукји сметки кај државните банкарски претпријатија.

2) Под вирман се подразбира пренесуењето на пари од една сметка кај исто или кај разни банкарски претпријатија без употребуење готови пари. Со вирманот се изедначуе плаќањето со чек кој што носи ознака „само за пресметка" или плаќање со прецртан (бариран) чек како и плаќање со циркуларен чек издаден од страна на државните сојузни или земски банкарски претпријатија и плаќање со акредитивна чековна упатница на Поштенската штедилница.

3) Министерствата, народните одбори, државните установи, другите органи на државната управа, државните, кооперативните и приватните стопански претпријатија, како и секвестрираните претпријатија и претпријатијата под присилна управа должни се на име на сите наплати (како што се плаќањето данок, царина, трошарина, транспорт со железница, брод, сметка и тн.) да примаат на место готови пари, и тоа:

а) од министерствата, народните одбори, државните установи, другите органи на државната управа, државните стопански претпријатија како и од секвестрираните претпријатија и претпријатијата под присилна управа чекови влечени од овие на сојузните, земските и месните државни банкарски претпријатија;

б) од кооперациите, кооперативните и приватните стопански претпријатија и другите правни и физички лица циркуларни чекови издадени од страна на сојузните и земските државни банкарски претпријатија;

в) од сите правни и физички лица акредитивни чековни упатници на Поштенската штедилница.

4) Производуачите на поледелските и другите продукти должни се од откупувачот да примаат на име на противвредност на продадените продукти акредитивни чековни упатници на Поштенската штедилница на место готови пари.

5) Поблиски напатствија за книжење и наплатуење чековите и акредитивните чековни упатници на Поштенската штедилница примени по точ. 3 на оваа наредба ке издаде Одделението на државното сметководство на Министерството за финансиите ФНРЈ, со тоа работата околу наплатуењето да се организира преку државните кредитни претпријатија, а првенствено преку Поштенската штедилница.

6) Прекршуењето на оваа наредба ке биде пријавено на јавниот обвинител заради постапка.

VII бр. 12702
18 јули 1946 година
Белград

Министер на финансиите,
Сретен Жујович, с. р.

429.

На основа чл. 1 Уредбата за планска расподелба и потрошуачка на стоката од 12 мај 1945 година („Службен лист ФНРЈ" бр. 32/45) и чл. 17 Правилникот за легитимациите за снабдуење и потрошуачките книшки од 21 јули 1945 година („Службен лист ФНРЈ" бр. 54/45), — а да би се убрзала и упростила расподелбата на рационираните индустриски продукти на потрошуачите, — издавам

НАРЕДБА

ЗА УВОДЕЊЕ ПОТРОШУАЧКИ КАРТИ ЗА РАЦИОНИРАНИ ИНДУСТРИСКИ ПРОДУКТИ И НАЧИНОТ НА РАСПОДЕЛБАТА НА ТИЕ ПРОДУКТИ НА ПОТРОШУАЧИТЕ

1) Расподелбата на рационираните индустриски продукти (текстилот, облеклото, обувките и др.) ке се врши во еднина во поголеми места и индустриски населби на основа особени потрошуачки карти за индустриски продукти, — исклучително оние продукти кои што ги нема во достаточна количина за да би можеле да се задоволат потребите на сите потрошуачи, кои што и натаму ке се издаваат врз основа на дознаки (бонови). Врз основа на дознаки (бонови) ке се снабдуат со рационирани индустриски продукти и сите социални и здравствени установи, угостителски дукјани и стопански претпријатија со работно облекло, работни обувки и други потребни предмети, а исклучително и поединци (кај смртни случаи, основање на нови домаќинства и сл.). На ист начин ке се снабдуе и жителството во местата во кои што не постоат потрошуачки карти на индустриски продукти

2) Потрошуачките карти за индустриските продукти еднообразни се на целата државна територија и нив ги има три сорти: а) за општа категорија потрошуачи; б) за работници, намештеници, службеници, како и лица кои што во поглед на снабдуење со нив се изедначени и в) за деца под 14 години.

Овие карти содржат одреден број единици и купони и страна за упишуење на набавките без предавање единиците и купоните.

3) Министерствата на трговијата и снабдуењето на народните републики ги одредуат местата и индустриските населби во кои што ке се издаваат потрошуачки карти за индустриските продукти.

4) Оваа наредба влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија".

Бр. 62117
24 јули 1946 година
Белград

Министер за трговијата и снабдуењето,
др. **Заим Шарац**, с. р.

ОДЛИКОВАНИА

ПРЕЗИДИУМОТ

на Народната скупштина
на Федеративната Народна Република Југославија

на основа членот 2 став 2 Законот за ордените и медаљите ја одобруе Наредбата на Штабот на Корпусот на народната одбрана бр. 588 и 589 од 7 март 1946 година

со која се за осведочена храброст во народноослободителната борба одликуат

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ:

мајори: Бојанић С. Душан, Драгић П. Ђорђе, Рот Е Никола и Станковић Д. Драгољуб,

капетани: Колић С. Ивица, Павловић М. Бранко, Срдановић Ж. Војин, Томичевић В. Радослав, Букилић М. Миле, Вуковић В. Мирко, Степанов М. Марко и Томић Д. Драган;

поручници: Срзић М. Јошко, Алексић Д. Видак, Бечановић Н. Милован, Бојовић Г. Миљан, Војводић Н. Данило, Влаховић В. Душан, Гвозденовић Р. Димитрије, Гогалић Ј. Насуф, Докнић О. Новак, Кораћ В. Пуниша, Кустудић А. Владо, Ловрић М. Душан, Марковић М. Обрад, Миловић М. Драго, Михаиловић С. Светозар, Радовић Б. Војислав, Симоновић С. Миљан и Стијовић Т. Миливоје,

потпоручници: Келековић А. Стјепан Стевановић Д. Филип, Вујисић П. Божо, Булевић В. Драшко, Гаговић Р. Максим, Јанковић М. Ђурђа, Лејовић П. Јован, Мандић Н. Лазар, Пушоњић М. Раде, Пешић Л. Мирко, Ровчанин М. Радивоје, Чуљковић Д. Радивоје и Хадровић З. Суљо;

заставници: Булатовић М. Милисав, Вујачић Ђ. Мирко, Ђокић В. Милан, Ђуришић Ј. Петар, Жугић Д. Божо, Јововић Л. Јован, Јушковић П. Вељко, Лазаревић Н. Милутин, Митровић Ђ. Никола, Перовић В. Добрило, Распоповић С. Војислав, Рубежић Р. Милован Ружић В. Славко, Симоновић М. Драго, Табаш В. Радоје, Табашевић Б. Чедо, Фрамета Л. Владо и Шћекић В. Светослав;

старији водници: Алић А. Милан, Канбић Ј. Алојз, Пргавечки С. Филип, Чижић Т. Андрија, Блечић И. Раде, Коловић М. Бошко, Думић М. Рајко, Жугић М. Радош, Кијајевић Љ. Новак, Кукуљичић В. Милош, Купировић В. Васа, Лаличић С. Никола, Маљевић Б. Рахман и Секулић С. Ђорђије;

водници: Латковић Н. Илија, Миљанић Ј. Јосип, и Суљић С. Салко;

млађи водници: Коњевић Д. Марко и Грујичић С. Слободан;

десетари: Клепец Ј. Јоже, Милковић М. Перо, Мачек Ј. Јуре, Дедић В. Милош и Цимбалевић Р. Ђорђе;

борци: Бабић Б. Симо, Јојић Ј. Мићо, Никетић Ј. Јово, Марјановић М. Симо, Етеровић И. Срећко, Ђуровић П. Румица, Жупан Б. Младен, Лутовац П. Радивоје, Отовић М. Милорад, Перуничица Л. Радомир, Поповић М. Пера, Ратковић Д. Тихомир, Ставовић М. Нико, Станић О Бошко и Чуровић Н. Милорад;

вођа одељења Крђавац Т. Светомир;

Шошкић В. Будислав, Зечевић Ј. Јован, Мартиновић М. Драгић, Вуловић С. Живко, Самарџић М. Слободан и Шуковић Т. Ранко;

комесар чете Јевгић А. Живојин;

водници вода: Кељевић А Драгомир, Лутовац М. Марко, Марковић М Ђирко, Медојевић Т. Владимир, Пејовић Ф. Петар, Перовић С. Бранко, Тодоровић П. Благота, Ивковић Б. Сава и Кошић Т. Франц,

СО МЕДАЉА ЗА ХРАБРОСТ:

поручници: Чанковић Д. Вељко, Влаховић В. Вук, Марковић П. Момчило и Мијушковић Б. Момчило;

потпоручници: Саханић Н. Мехмед, Балтић Ж. Милосав и Мартиновић Р. Блажо;

заставници. Гогић В. Драгољуб, Коврљија Стево, Нешић В. Зарија, Франкић Ј. Иван, Брајовић С. Анто, Војводић И. Радован Драговић Д. Драгољуб, Дукић М. Драган, Кресо И. Сабит, Митровић Г. Саво, Максимовић Р. Милутин, Мијановић Н. Михајло, Митровић Ј. Микосав, Нерадовић Р. Рајко, Пешић М. Видак, Попивода Б. Миливоје, Станковић Р. Блажо, Тањевић Ђ. Момчило и Франовић Ј. Вјекослав;

старији водници: Цевар Ј Магија, Чесник П. Петар, Вујишић Д. Нешко, Мирјачић В. Милош, Попадић С. Момчило и Ходовић А. Хајро;

водници: Живковић Ј. Нада, Лаковић М Ђуро, Величковић М. Андро, Јеремић Ј. Вукајло, Бурсаћ Ј. Тодор, Вукмировић М. Душан, Ђуришић Д. Милош, Зарубица Р. Урош, Јакуповић Ј. Шериф, Ковачевић С. Милинко, Мифтар А. Хода, Обрадовић О. Радош, Радојевић М. Радоје, Фазлијевић Ј. Бајран и Ивановић В. Спасоје;

Спасић Р. Ратко, Ковачевић М Голуб, Кртолица В. Босиљка, Рубежић Б. Милосав, Синдић М. Светозар и Ивковић М. Милан;

командири чете: Лазаревић И Венко и Лековић М. Гојко;

комесар чете Добруна Х. Сулејман;

пом. ком. чете Јовановић М. Дара;

Анђелковић М. Анђелко, Станковић П. Благоје, Радуловић С. Гаврило и Јанковић П. Новак;

млађи водник Павић С. Марко;

десетари: Поповић З. Мираш и Рабреновић С. Љубомир;

санит. рефер. батаљона Петрушић Л. Достана;

борци: Бајагић А. Милинко, Васиљевић Г. Шпиро, Грдинић Ђ. Тадиша, Радуловић К. Часлав, Радуновић В. Саво, Радоман С. Димитрије, Вушовић М. Ђорђе, Голубовић С. Видоје, Кнежевић М. Мило, Пековић М. Саво, Чировић С. Радоје, Ђурић М. Ратко и Штраус Ф. Љубо;

делегати вода: Вукотић Г. Бајо, Гаљановић Ј. Шукрија, Гардашевић С. Петар, Добрковић Ј. Љубомир, Живковић Г. Саво, Ђинић Г. Чедомир, Лукић Н. Војислав, Недић М. Рашко и Петричевић И. Димитрије.

Бр. 132
15 март 1946 година
Белград

Секретар,
М. Перуничич, с. р.

Претседател,
др. И. Рибар, с. р.

ЗАПИСНИК

ОД VII РЕДОВЕН СОСТАНОК ОД РЕДОВНОТО ЗАСЕДАНИЕ НА СОЈУЗНОТО ВЕКЈЕ НА НАРОДНАТА СКУПШТИНА НА ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА, ОДРЖАН НА 23 МАЈ 1946 ГОДИНА ВО БЕЛГРАД

Претседавал Претседателот Владимир Симич.

Секретар Стеван Јовичич.

Претседателот Владимир Симич го отвора VII редовен состанок во 11.20 саатот.

Прочитаниот записник од VII редовен состанок Векјето го прима без забелешки.

Претседателот соопштува да одборите за молби и жалби на Сојузното векје и Векјето на народите подносуат на Сојузното векје извештај и предлог по законот за доделуење доживотна месечна помошт на Милка вдовица на Петра Кочич од Белград, кој што ке биде ставен на дневен ред кога Векјето за тоа ке донесе одлука.

По тоа претседателот соопштува да народниот пратеник Перо Гјуканович моли за месец дена болуење според лекарскиот совет. По предлог на претседателот, Сојузното векје му го одобрува бараното болуење на народниот пратеник Перо Гјуканович.

Претседателот понатаму соопштува, да во смисла членот 48 Пословникот примил од народниот пратеник др. Макса Шнудерл прашање, управено на Министерот за надворешните работи на Сојузната влада, по повод на вести од извесни американски листови и агенции кои што тврдат, да владата САД преку својот амбасадор во Белград предала на нашето Министерство на надворешните работи и втора нота во врска со судењето на Дража Михајловиц. Народниот пратеник, др. Макс Шнудерл праша да ли се тие вести вистински, ако се, тогаш каков е содржај на таа нота и што на неа одговорило Министерството на надворешните работи, со тоа да му се одговори усмено.

Претседателот Владимир Симич соопштува оти со тоа прашање го запознал Министерот на надворешните работи на Сојузната влада кој што му изјави, оти е спремен на тоа прашање да одговори векје на денешната седница.

Кога го прочита прашањето, претседателвт го повика др. Макса Шнудерл своето прашање да го образложи, ако тоа сака.

После образложуењето од страна на др. Макса Шнудерл зборуеше Министерот на надворешните работи на Сојузната влада Станоје Симич и даде одговор на поставеното прашање, после кое што народниот пратеник др. Макс Шнудерл изјави, оти со одговор е доволен.

Се преојдуе на дневен ред.

Во врска св првите три точки на дневниот ред, т. е. 1) решавање за предлогот на Векјето на народите за предлогот на Законот за „Партизанската споменица 1941", 2) решавање за предлогот од Векјето на народите за предлогот на Законот за легализација исправите во меѓународните соопштенија и 3) решавање за предлогот од Векјето на народите за предлогот на Законот за општодржавниот стопански план и државните органи за планирање, претседателот го известуе Векјето оти установил да текстовите наведени во законските предлози кои се конечно усвоени во Сојузното векје и во Векјето на народите се истоветни, па тој свој извештај го става на гласање

Векјето едногласно го усвои овој извештај и претседателот соопштува оти со ова во смисла чл. 45 Пословникот на Сојузното векје, Народната скупштина конечно ги усвоила Законот за „Партизанска споменица 1941", Законот за легализација исправите во меѓународните соопштенија и Законот за општодржавниот стопански план и државните органи за планирање, кои во смисла чл. 74 Уставот и чл. 46 Пословникот на Сојузното векје ке бидат упатени до Президиумот на Народната скупштина заради прогласување.

Се преојдуе на четврта точка на дневниот ред: претрес предлогот на Законот за пополнуење оружената сила на Федеративната Народна Република Југославија со јавачка, теглечка, и товарна стока и преносни средства.

За реч се јавуе народниот пратеник Иван Грангја и предлага извештајот на законодавниот одбор да не се чита, оти народните пратеници со него се запознати.

Претседателот Владимир Симич го става овој предлог на гласање и Векјето го усвои.

Известителот на законодавниот одбор народниот пратеник Месуд Хотич го моли Векјето, споменатиот предлог на Законот да го усвои

Како во начелниот претрес никој не се јави за реч, преојдуе на гласање во начело. Гласајќи со дигање раце, Векјето едногласно го усвои овој законски предлог во начело, па се преојдуе на претрес во поединости. Бидејќи никој не сака реч ни во поединечниот претрес, Векјето, гласајќи со дигање раце едногласно ги усвои сите членови на овој законски предлог од чл. 1 до чл. 20 заклучно по предлогот и извештајот на законодавниот одбор.

По тоа се пристапуе кон конечното гласање за законскиот предлог во целост.

По извршеното поименично гласање претседателот објавуе, оти гласале сосема 248 народни пратеници и оти сите гласале „за", со што предлогот на Законот за пополнуење оружената сила на Федератавната Народната Република Југославија со јавачка, теглечка и товарна стока и преносни средства во Сојузното векје е конечно усвоен, па во смисла чл. 63 Уставот и чл. 45 Пословникот на Сојузното векје ке биде упатен на Векјето на народите на решавање.

После тоа претседателот предлага на дневен ред на денешната седница да се стави уште и предлог на одборот за молби и жалби за доделуење постојана помошт на Милка вдовица на Петра Кочич. Векјето го усвои овој предлог едногласно, па претседателот во 12.35 ја прекина седницата, со тоа работата да се настави во 17 саатот.

Седницата се наставуе во 17.25 саатот. Пред преојдуење на наредната точка од дневниот ред претседателот Владимир Симич го соопштуе актот на Министерот на Владата ФНРЈ Милована Гјилас со кој што во име на Владата ФНРЈ предлага амандмани со предлогот на Законот за заштита авторското право. За овие амандмани Векјето ке решава при претресот на законскиот предлог во поединостите.

После тоа претседателот соопштуе акт од законодавниот одбор со кој се бара оти членовите на законодавниот одбор Бубањ Андрија, Влахов Дмитар, Карнер др. Иван и Маринко Михо, како се спречени редовно да присаствуат на седниците на одборот, да се заменат со други кои што Векјето ке ги избере. Претседателот предлага на дневен ред на денешната седница да се стави изборот на четири члена на законодавниот одбор, што Векјето едногласно усвои.

Се преојдуе на петата точка од дневниот ред: претрес предлогот на Законот за заштита авторското право.

По предлог на народниот пратеник др. Јакова Гргурич Векјето решава измените и дополнуењата од одборскиот изштетај да не се читаат, оти истиот е разделен на народните пратеници.

Известителот др Макс Шнудерл го образложи извештајот на законодавниот одбор, па претседателот отвара начелен претрес

Во начелната дискусија никој не се јавил за реч и претседателот го става предлогот на Законот за заштита авторското право на гласање во начело. Со дигање раце Векјето го усвоило законскиот предлог во начело

Како ни за претрес во поединостите никој не се јавил за реч Векјето, привакјајќи го во целост извештајот на законодавниот одбор за измени и

дополнуења и предложените амандмани на Владата ФНРЈ, едногласно ги приватило сите членови на споменатиот законски предлог со следните измени и дополнуења од Владините амандмани:

Во членот 3 ставот 2 се мењава и гласи: „Државата е законит носител на авторските права на сите народни уметнички творби"

На истиот член се додаваат нови ставови 3 и 4 кои што гласат: „Со тоа не се пречи слободна употреба на народните уметнички творби во цел на уметничко односно научно обработуење"

„Авторот на уметничкото или научното дело создадено со употреба на народните уметнички творби е носител на авторското право на така создаденото дело".

Членот 10 изменет гласи:

„Правото на авторот и на неговите правни следбеници на фотографски и на кинематографски дела доколку имаат карактер на фотографски дела трае 5 години, на периодични публикации, алманаси, антологии и слично 15 години, и тоа како правото на уредникот на целото издање, така и правото на соработниците на поедини работи прв пат објавени во тоа дело".

На членот 14 се додава нов став 3 кој што гласи:

„Под објавени дела треба во смисла на овој закон да се разбираат издадени дела".

Во членот 16 точката 13 се мењава и гласи:

„Дословно наводуење одломци од објавеното литературно, уметничко и научно дело под усов да наводуењето не изнесуе вкупно повекје од една третина на делото во кое што се врши наводуењето".

Во членот 21 став 1 после зборот „каса" се додаваат зборови „и ке се употреби за унапредуење културно-уметничкиот живот во земјата"

Во членот 22 се брише зборот „со грижа".

По тоа се прејдуе на гласање во целост. По извршената прозивка претседателот соопштуе да за предлогот на Законот за заштита авторското право вкупно гласале 256 народни пратеници и сите гласале „за", да со тоа овој предлог на Законот во Сојузното векје е конечно усвоен и во смисла членот 63 Уставот и членот 45 Пословникот на Сојузното векје е упатен на Векјето на народите на решавање.

После тоа претседателот дава одмор од 10 минути.

Седницата се наставуе во 18.50 саатот.

После одморот претседателот Владимир Симич соопштуе три акта упатени на Сојузното векје од Векјето на народите со кои што известуе да Векјето на народите конечно го усвоило предлогот на Законот за пополнуење оружената сила на Федеративната Народна Република Југославија со јавачка, теглечка и товарна стока и преносни средства, предлогот на Законот за заштита авторското право и предлогот на Законот за Конвенција за културна соработуачка мегју Федеративната Народна Република Југославија и Републиката Пољска и ги доставуе во смисла членот 63 Уставот и членот 44 Пословникот на Векјето на народите на Сојузното векје на решавање. Претседателот предлага споменатите предлози од Векјето на народите да се стават на дневен ред, што Векјето едногласно усвои.

После тоа претседателот предлага на Векјето да се симне од дневниот ред предлогот на законот кој што на Векјето го предложи Одборот за молби и жалби, за доделуење постојана лична месечна доживотна помошт на Милка вдовица на Петра Кочич, и тоа од технички разлози, што Векјето едногласно усвои.

Се прејдуе на шестата точка од дневниот ред: претрес предлогот на Законот за Конвенција за културна соработуачка мегју Федеративната Народна Република Југославија и Републиката Пољска. Прв зборуеше претседателот на Комитетот за култура и уметност на Владата ФНРЈ, народниот пратеник Владислав Рибникар. По тоа во начелната дискусија зборуеше народниот пратеник др. Светозар Ритиг.

По завршената начелна дискусија Векјето со акламација, со дигање раце, едногласно го усвоило споменатиот предлог на законот

Претседателот соопштуе оти изгласаниот предлог на законот ке биде упатен на Векјето на народите решавање

Се прејдуе на седмата, осмата и деветата точка од дневниот ред: решавање за предлогот на Векјето на народите за Законот за пополнуење оружената сила на Федеративната Народна Република Југославија со јавачка, теглечка и товарна стока и преносни средства, Законот за заштита авторското право и за Законот за Конвенцијата за културната соработуачка мегју Федеративната Народна Република Југославија и Републиката Пољска.

Претседателот Владимир Симич во име на претседателството соопштуе оти споменатите законски предлози се идентични во текстот со истите законски предлози изгласани во Сојузното векје, и го става својот извештај на гласање, кој што Векјето едногласно го усвои. Понатаму претседателот соопштуе оти на тој начин споменатите законски предлози постанале закони и да согласно на Уставот, ке бидат упатени на Президиумот заради прогласуење.

Се прејдуе на избор четири члена на законодавниот одбор, на место оние кои што се разрешени од должноста.

По предлог на народниот пратеник Звонка Бркич Векјето во законодавниот одбор, на место Бубањ Андрија, Влахов Димитра, Кајнер др Ивана и Маринка Миха едногласно ги избрало народните пратеници Лакуш Филипа, Нацева Мара, Јоцич Живојина и Лампрехт Јожа

Со тоа дневниот ред е исцрпен, па претседателот Владимир Симич ја заклучуе седницата и објавуе оти идната седница ке биде повикана писмено. Претседателот по тоа објаснуе оти тоа значи да седниците се одлагаат и оти народните пратеници можат да се растурат кои своите кукји.

Седницата е заклучена во 19,45 саатот.

23 мај 1946 година
Белград

Секретар, Стеван Јовичич, с. р.

Претседател, Владимир Симич, с. р.

ЗАПИСНИК

НА VII РЕДОВЕН СОСТАНОК ОД I РЕДОВНО ЗАСЕДАНИЕ НА ВЕКЈЕТО НА НАРОДИТЕ НА НАРОДНАТА СКУПШТИНА НА ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА, ОДРЖАН НА 23 МАЈ 1946 ГОДИНА ВО БЕЛГРАД

Претседавале потпреседателите Косан Павлович и Божидар Масларич.

Секретар Михаило Грбич

Претседавајукјиот Косан Павлович го отвора VII редовен состанок во 16,10 саатот.

Прочитаниот записник од VI редовен состанок на Векјето се прима без забелешка.

Народниот пратеник др. Милош Попович поставуе прашање на претседавајукјиот што направило претседателството на Векјето со четирите законски предлози кои што тој ги поднел во смисла Пословникот на Векјето на решавање.

Потпретседателот Павлович одговара да Претседателството на поставенито прашање ке одговори на првата наредна седница

Претседавајукјиот Косан Павлович соопштуе да Одборот за молби и жалби на Векјето на народите и Одборот за молби и жалби на Сојузното векје поднеле на Векјето на решавање извештај и предлог на Законот за доделуење постојана лична месечна доживотна помошт. Овој извештај заедно со законскиот предлог е отштампан и раздељен на народните пратеници, а ке се стави на дневен ред кога тоа Векјето ке одлучи.

Претседавајукјиот го соопштуе актот на Министерот на народната одбрана Маршалот Јосипа Броз-Тита, со кој што во смисла членот 28 Пословникот на Векјето на народите го одредуе за свој повереник при претресот предлогот за Законот за пополнуење оружената сила на Федеративната Народна Република Југославија со јавачка, теглечка и товарна стока и со преносни средства во Векјето на народите генерал-мајорот Богдана Орешчанин, народниот пратеник.

Се соопштуе на Векјето актот на Министерот без ресор на Владата ФНРЈ Милована Гјилас со кој се доставуат амандмани за предлогот на Законот за заштита авторското право и акт со кој што за Владин повереник во Векјето на народите е одреден др. Јован Гјоргјевич за време претресот на овој законски предлог.

Се соопштуат молбите на народните пратеници за отсаство и по предлог на претседавајукјиот Векјето одобруе отсатство од 10 дена на Михаила Апостолски и Тодета Ношпал, а на Тонета Хафнер отсаство од 5 дена.

Сите прочитани молби и жалби се упатени на Одборот за молби и жалби.

Се прејдуе на првата точка на дневен ред: претрес предлогот на Законот за пополнуење оружената сила на Федеративната Народна Република Југославија со јавачка, теглечка и товарна стока и преносни средства.

Кога известителот на Законодавниот одбор Милош Царевич го прочита и образложи одборскиот извештај, претседавајукјиот отвора начелен претрес.

Зборуеше Милан Смиљанич „за", па потпретседателот Косан Павлович го ставуе овој законски предлог на гласање во начело.

Гласајкји со дигање рака Векјето едногласно го усвојуе овој законски предлог во начело, па се прејдуе на претрес во поединости

Во дискусијата во поединостите зеде участие Милан Смиљанич.

Известителот на Законодавниот одбор Милош Царевич чита член по член на овој законски предлог, па Векјето гласајкји со дигање рака, едногласно ги усвојуе сите членови од 1 до заклучно 20 без измена, по предлогот и извештајот на Законодавниот одбор.

По завршениот претрес во поединостите се пристапуе кон конечно гласање во целост. По извршеното поименично гласање претседавајукјиот објавуе оти гласале 123 народни пратеници и оти сите гласале „за", а со кое што предлогот на Законот за пополнуење оружената сила на Федеративната Народна Република Југославија со јавачка, теглечка, и товарна стока и преносни средства во Векјето на народите е конечно усвоен, па во смисла чл. 44 Пословникот на Векјето на народите ке биде доставен на Сојузното векје на решавање.

Се прејдуе на втората точка на дневниот ред: претрес предлогот на Законот за заштита авторското право.

Кога известителот на Законодавниот одбор Милош Царевич го прочита и образложи одборскиот извештај потпретседателот Косан Павлович отвора начелен претрес.

Зборуеја Едвард Коцбек „за" и Јоза Миливојевич „за", па претседавајукјиот го ставуе овој законски предлог на гласање во начело. По извршеното гласање објавуе оти предлогот на Законот за заштита авторското право во начело едногласно е усвоен.

Се прејдуе на претрес во поединости. Известителот на Законодавниот одбор Милош Царевич чита член по член, а Векјето гласајкји со дигање рака едногласно ги усвојуе сите членови на овој законски предлог, по предлогот и извештајот на Законодавниот одбор, а по предлог на Владата ФНРЈ, со пристанок на известителот на Законодавниот одбор чини следни измени и дополнуења:

Во членот 3, ставот 2 се менуе и гласи: „Држава е законит носител на авторските права на сите народни уметнички творби". На крајот на овој член се додаваат нови ставови 3 и 4 кои гласат:

„Со тоа не се пречи слободна употреба на народните уметнички творби во цел на уметничко односно научно обработуење.

Авторот на уметничко или научно дело создадено со употреба на народните уметнички творби е носител на авторското право на така создаденото дело".

Во членот 10, во првиот и вториот ред се бришат зборовите: „на кореографски и пантомински дела трае 10 години". Во третиот ред после зборовите „фотографски дела" се додава зборот „трае".

Во членот 14 се додава нов трети став кој гласи: „под објавени дела треба во смисла на овој закон да се подразбираат издадените дела".

Во членот 16 точката 13) се менуе и гласи: „дословно наводуење одломци од објавените книжевни, уметнички и научни дела под услов да наводуењето не изнесуе вкупно повекје од една третина на делото во кое се врши наводуењето".

Во членот 21 во ставот 1 после зборовите „државна каса" се додава „и ке се употреби за унапредуење културно-уметничкиот живот во земјата".

Во членот 22 во третиот ред се бришат зборовите „со грижа"

По завршениот претрес во поединостите се пристапуе кон конечно гласање во целост. По извршеното поименично гласање потпретседателот Павлович објавуе оти гласале 128 народни пратеници и оти сите гласале „за", со што предлогот на Законот за заштита авторското право во Векјето на народите конечно е усвоен, па во смисла на членот 63 Уставот и членот 44 Пословникот на Векјето на народите ке биде доставен на Сојузното векје на решавање

По тоа претседавајукјиот во 18,20 саатот одредуе одмор од 10 минути

По одморот претседава потпретседателот Божидар Масларич.

Се прејдуе на третата точка на дневниот ред: претрес предлогот на Законот за Конвенција за културната соработувачка помегју Федеративната Народна Република Југославија и Републиката Пољска, заклучена во Варшава на 16 март 1946 година.

Како секретарот на Векјето Михаило Грбич ја прочита Конвенцијата претседателот на Комитетот за култура и уметност даде свој експозе.

Во начелниот претрес зборуеше Анто Бабич „за", па претседавајукјиот Божидар Масларич го ставуе овој предлог на Законот на гласање, кој што Векјето еднодушно го усвојуе, па претседавајукјиот објавуе оти овој законски предлог едногласно во Векјето на народите е усвоен и оти во смисла на Пословникот и тој ке биде упатен на Сојузното векје на решавање.

По тоа у 19 20 саатот претседавајукјиот Масларич одредуе одмор од 10 минути.

По одморот потпретседателот Божидар Масларич соопштуе оти Векјето на народите примило од Сојузното векје на решуење предлог на Законот за легализација документите во меѓународните соопштенија:

предлог на Законот за општодржавниот стопански план и државните органи за планирање;

предлог на Законот за пополнуење оружената сила на Федеративната Народна Република Југославија со јавачка, теглечка и товарна стока и преносни средства;

предлог на Законот за заштита авторското право; и

предлог на Законот за Конвенција за културна соработувачка помегју Федеративната Народна Република Југославија и Републиката Пољска, заклучена во Варшава на 16 март 1946 година.

Како се сите овие законски предлози во Сојузното векје конечно усвоени, а како се во сето исто-

ветни со законските предлози кои што Векјето на народите ги усвоило, тоа Векјето по предлог на претседавајукјиот Маслерич ги зема на решавање овие законски предлози, па гласајки поединечно ги усвојуе сите овие законски предлози.

По тоа потпретседателот Маслерич соопштуе на Векјето да овие закони, во обата дома усвоени, во смисла членот 74 Уставот и чл. 45 Пословникот на Векјето на народите ке ги достави на Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ на прогласуење

Потпретседателот Божидар Маслерич го заклучуе состанокот во 20 саатот, со тоа да идниот ке биде закажан по писмен пат.

23 мај 1946 година

Белград

Секретар, **Јоза Миливојевич**, с. р.

Претседател, **Јосип Видмар**, с. р.

ОД ЗЕМСКИТЕ СЛУЖБЕНИ ЛИСТОВИ

СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ

„Службени гласник Народне Републике Србије" во бројот 35 од 20 јули 1946 година објавуе:

Указ за свикуење Народната скупштина на Србија во II ванредно заседание;

Решење за цените на житариците во економската 1946/47 година во дефицитарните околии на Народната Република Србија;

Работна тарифа — ценовник на урбанистичките работи

НАРОДНЕ НОВИНЕ СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ХРВАТСКЕ

„Народне новине", службен лист на Народната Република Хрватска, во бројот 93 од 16 јули 1946 година објавуат:

Правилник за извршуење Уредбата за пензионисање и установуење правата на пензија на службениците од бившите бановини, области, жупаниии, градови и општини и нивните установи на подрачјето на Народната Република Хрватска;

Решење за почетокот на работата на Околискиот народен суд во Врбовац;

Одлука за обвезното поправање и довршуење на жилишните згради,

Решење за измена Решењето бр. 8448/1946 година од 6 јануари 1946 година за цените за сечење и изработуење на шумските производи;

Објавстуење за клаузулисање на сметките.

Во бројот 94 од 18 јули 1946 година објавуат:

Решење за затворање на Државната женска стручна школа во Крапина;

Решење за затворање на Државната женска стручна школа во Омиште;

Решење за затворање на Државната женска стручна школа во Крк;

Решење за затворање на Државната женска стручна школа во Копривница;

Решење за затворање на Државната женска стручна школа во Башка;

Решење за затворање на Државната женска стручна школа во Цавтат.

Во бројот 95 од 20 јули 1946 година објавуат:

Решење за слободниот промет на сено, слама и мумурузина;

Решење за откупните цени на житарици во економската година 1946/47 во дефицитарните околии.

УРАДНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СЛОВЕНИЈЕ

„Урадни лист Народне Републике Словеније" во бројот 48 од 13 јули 1946 година објавуе:

Закон за признавање на доживотна издршка на композиторот Марио Когој;

Правилник за организација и работењето на Ветеринарскиот научен завод на Словенија (ВЕЗНАВОД) во Љубљана,

Одлука за дополнуењето на Правилникот за полагање испити за ракуење со парни мотори и котловски уредаи.

Во бројот 49 од 17 јули 1946 година објавуе:

Правилник за обвезно предавање на белото жито (пченица, рж ечмен, суржица и пира) во економската 1946/47 година;

Одлука за плаќање крвта на давачите на крв.

СЛУЖБЕНИ ЛИСТ АУТОНОМНЕ ПОКРАЈИНЕ ВОЈВОДИНЕ У НАРОДНОЈ РЕПУБЛИЦИ СРБИЈИ

„Службени лист Аутономне покрајине Војводине у Народној Републици Србији" во број 27 од 12 јули 1946 година објавуе:

Одлука за подигање на Градскиот народен одбор во Нови Сад на степен на округ;

Одлука за основање контролни отсеци при Одделењето за поледелство и шумарство, Одделењето за трговија и снабдуење, Одделењето за индустрија и рударство и Одделењето за правосудие;

Толкуење за членството на државните стопански претпријатија во стручните организации;

Одлука за основање Отсекот за кооператорство при Одделењето за поледелство и шумарство;

Правилник за техничкото изводење на градење нови села во врска со аграрната реформа и колонизација во Војводина;

Одлука за цената на брашното;

Одлука за цените на риба;

Одлука за укинуење Отсекот за работни односи во Одделењето за социјална политика и пренесуењето на неговите работи во надлежност на Одделењето на трудот.

СОДРЖАЈ:

		Страна
425	Закон за Договорот за пријателство и заемна помошт мегју Федеративната Народна Република Југославија и Народната Република Албанија, заклучен во Тирана на 9 јули 1946 година — — — — — — —	693
426.	Закон за Јавното обвинителство — — —	696
427.	Закон за службата во Југословенската армија — — — — — — — — — — —	699
428.	Наредба за обвезни плаќања без употребуење готовина — — — — — — — —	703
429.	Наредба за уводење потрошуачки карти за рационирани индустриски продукти и начинот на расподелбата на тие продукти на потрошуачите — — — — — — — —	703

Издавач: Редакцијата на „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија" — Белград, Бранкова 20. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Мајке Јевросиме 20. — Штампа на Државна штампарница, Белград